Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода
**Сектор за урбанизам и просторно планирање**

тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

**тел.: 02/2785-420**
**urbanizam-planiranje@kiselavoda.gov.mk**

5394

Бр. 08-7458/1
од 26.08.2021 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животна средина (Сл.весник на Р.М бр.53/05,81/05,24/07,159/08,83/09,48/10,124/10,51/11,123/12,93/13,187/13,42/14,44/15,129/15,192/15,39/16 I 99/18), на ден 26.08.2021 година, донесе:

**Одлука за неспроведување на стратегиска оцена**

1.За планскиот документ за Локална урбанистичка планска документација за КП 3313/1 и дел од КП 3313/2, КП 3314, КП 3321/1,КП 3321/2, КП 3321/3, КП 3322, КП 3323, КП 3324, КО Горно Лисиче вон г.р.,Општина Кисела Вода, Скопје, кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр.199/14,44/15,193/15,31/16,163/16,64/18 и 168/18), не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.

2.Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Кисела Вода.

3.Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став 4 од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, донесувањето на планскиот документ Локална урбанистичка планска документација за КП 3313/1 и дел од КП 3313/2, КП 3314, КП 3321/1,КП 3321/2, КП 3321/3, КП 3322, КП 3323, КП 3324, КО Горно Лисиче вон г.р.,Општина Кисела Вода, Скопје, нема да има влијание врз животната средина од следните причини: Во рамки на целиот опфат е предвидена класа на намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија. Во рамки на опфатот се врши оформување на парцела со објекти кој ќе бидат во функција на стоваришта и магацини. Просторот во планскиот опфат е дефиниран со условите за планирање на просторот за изработка на Локалната урбанистичка планска документација, Општина Кисела Вода,изработена од страна на Агенција за планирање на просторот, а согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр.199/14,44/15,193/15,31/16,163/16,64/18 и 168/18)

4.Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Општина Кисела Вода и Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

**Градоначалник**
**Филип Темелковски**

Република Северна Македонија Градоначалник Општина Кисела Вода

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА
Бр. 08-7458/2
10-09-2021 20 год.
СКОПЈЕ

5395

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот докумет | Локална урбанистичка планска документација за КП 3313/1 и дел од КП 3313/2, КП 3314, КП 3321/1,КП 3321/2, КП 3321/3, КП 3322, КП 3323, КП 3324, КО Горно Лисиче вон г.р.,Општина Кисела Вода, Скопје |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Општина Кисела Вода |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Совет на Општина Кисела Вода |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Трговско друштво со ограничена одговорност за проектирање, изведување и инженеринг ИНГРА ДООЕЛ Скопје |
| Назив на работното место | Планер :Ана Ѓорѓиевска, диа. Овластување бр:0.0430<br>Јана Брсакоска, миа.<br>Благоја Ристовски, миа |
| Контакт податоци за лицето | тел:02 3229018 , ул. Скупи 3А бр.40А, Скопје-Карпош |

<table>
<tr><th colspan="4">Основни податоци за планскиот документ</th></tr>
<tr><td colspan="4">Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)</td></tr>
<tr><td colspan="4">Локална урбанистичка планска документација<br>за лесна и незагадувачка индустрија КП 3313/1 и дел од КП 3313/2, КП 3314, КП 3321/1,КП 3321/2, КП 3321/3, КП 3322, КП 3323, КП 3324, КО Горно Лисиче вон г.р.,Општина Кисела Вода, Скопје која произлегува од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр.199/14 ,44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18)и други подзаконски акти, како и почитување на другите закони кој го зафаќаат планирањето.</td></tr>
<tr><td colspan="4">Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?</td></tr>
<tr><td colspan="4">Да☐<br>Не☐</td></tr>
<tr><td colspan="4">Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?</td></tr>
<tr><td colspan="4">За планскиот документ се издадени услови за планирање на просторот од Министерство за животна средина и просторно планирање</td></tr>
<tr><td colspan="4">Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.</td></tr>
<tr><td colspan="4">Да, просторно и урбанистичко планирање и користење на земјиштето,КП 3313/1 и дел од КП 3313/2, КП 3314, КП 3321/1,КП 3321/2, КП 3321/3, КП 3322, КП 3323, КП 3324, КО Горно Лисиче вон г.р.,Општина Кисела Вода, Скопје</td></tr>
<tr><td colspan="4">Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5)</td></tr>
<tr><td>Да ☐<br>Не ☒</td><td>Член:</td><td>Точка:</td><td>Алинеја:</td></tr>
<tr><td colspan="4">Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.</td></tr>
<tr><td colspan="4">Не</td></tr>
<tr><td colspan="4">Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.</td></tr>
<tr><td colspan="4">Да, површината на планскиот опфат е 1,63 ха</td></tr>
<tr><td colspan="4">Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.</td></tr>
<tr><td colspan="4">Урбанистичко уредување на просторот</td></tr>
<tr><td colspan="4">Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)</td></tr>
<tr><td colspan="4">Планирање на простор</td></tr>
<tr><td colspan="4">Периодот за донесување на планскиот документ.</td></tr>
<tr><td colspan="4">2021</td></tr>
<tr><td colspan="4">Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?</td></tr>
<tr><td colspan="4">По истекот на планскиот период</td></tr>
<tr><td colspan="4">Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа)</td></tr>
<tr><td colspan="4">Според состојбата на терен планскиот опфат, кој е предмет на изработка на Локална урбанистичка планска документација за КП 3313/1 и дел од КП 3313/2, КП</td></tr>
</table>

| |
|---|
| 3314, КП 3321/1, КП 3321/2, КП 3321/3, КП 3322, КП 3323, КП 3324, КО Горно Лисиче вон г.р., општина Кисела Вода, Скопје, се наоѓа југоисточно од градот Скопје во непосредна близина на бул. Борис Трајковски, но директен пристап има преку локален<br>пат од североисточната страна на опфатот со кој е овозможен пристап до парцелите. |
| Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ. |
| Да ☒<br>Не ☐ |
| Дали е приложена копија од целите? |
| Да ☐<br>Не ☒ |

| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.) | |
|---|---|
| Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.<br>Со реализација на пласкиот документ предвидената површина за градење и нивната реализација зависат од урбанистичките параметри кои се составен дел на планската документација. Планската документација ги содржи сите потребни мерки од сите аспекти, воедно оваа планска документација нема посебно влијание врз животната средина на околината.Да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности,квалитет и отпад. | |
| Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на вљанијата; | При реализација на планскиот опфат предвиден со планската документација се очекува движење на возила и мехнизација но тоа е краткотрајно и нема битно да влијае врз животната средина во целост. Со реализација на планскиот документ ќе се постигне рационално искористување и уредување на просторот. |
| Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето | Предвидената површина во планскиот опфат не влијае негативно на микроклимата во локалитетот. |
| Прекугранична природа на влијанијата; | Нема |
| Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи); | Нема ризици по животот и здравјето на луѓето и животната средина.Согласно член 53 од Законот за заштита и спасување задолжително треба да се применуваат мерките. |
| Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната). | поред состојбата на терен планскиот опфат, кој е предмет на изработка на<br>Локална урбанистичка планска документација за КП 3313/1 и дел од КП 3313/2, КП<br>3314, КП 3321/1, КП 3321/2, КП 3321/3, КП 3322, КП 3323, КП 3324, КО Горно Лисиче<br>вон г.р., општина Кисела Вода, Скопје, се наоѓа југоисточно од градот Скопје во<br>непосредна близина на бул. Борис Трајковски, но директен пристап има преку локален<br>пат од североисточната страна на опфатот со кој е овозможен пристап до парцелите. Планскиот опфат зафаќа површина од 1,63 ха. |
| Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се: | |

| | |
|---|---|
| Овој плански документ позитивно ќе влијае на економските и социјалните аспекти на ова подрачје. | |
| Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:<br>Ќе се зголеми вредноста на урбаниот локалитет. | |
| Посебни природни карактеристики или културно наследство | НЕ |
| Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности | Не се очекуваат надминувања на стандардните вредности ниту намалување на квалитетот на животната средина. |
| Интензивна употреба на земјиштето | Предвидена е основна класа на намена:<br>Г – Производство, дистрибуција и сервиси односно класата на намени<br>Г2 – лесна и незагадувачка индустрија<br>Со Локалната урбанистичка планска документација за градежна парцела 1 е<br>предвидена класа на намена Г2 – лесна и незагадувачка индустрија.<br>Учеството на поединечните класи на намени Б1, Б2, Б4, В2, Д2, Д3, Д4, Г3 и Г4 во<br>основната класа на намени не се утврдува, бидејќи е зависно од архитектонско –<br>урбанистичкиот проект. Со планот за предметната локација е предвидено да содржи<br>градби со максимална катност П+2. |
| Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја. | Нема |
| Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:<br>Во рамките на планскиот опфат се планираат објекти кои се во согласност со Просторниот план на Република Македонија. | |
| Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):<br>Новопланираните намени и нивното функционирање нема да има негативно влијание врз околината и животната средина. | |
| Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:<br>(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има | |

<table>
<tr><td colspan="2">поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)<br>Нема влијание врз квалитетот на животната средина и притоа нема да се создаваат еколошки проблеми во општината.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.<br>(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)<br>Новопланираните намени на парцелите ќе овозможат индустриски и економски развој во тој локалитет, а со тоа се овозможува иден и квалитетен развој на општината.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.<br>За овој простор досега не е работен урбанистички план</td></tr>
<tr><td colspan="2">Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претхходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.<br>Потенцијалните влијанија од предметниот плански документ не биле предмет на оцена во поранешна фаза на донесување на документацијата.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).<br>Вака планираните класи на намени ќе имаат позитивен ефект за општината во нејзиниот развој , како дополнителна документација во подоцнежна фаза ќе треба да се обезбеди елаборат за заштита на животна средина</td></tr>
<tr><td>ИЗЈАВА</td><td>Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни.</td></tr>
<tr><td>Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот</td><td>Градоначалник<br>Филип Темелковски</td></tr>
<tr><td>Датум 26.08.2021<br>Место Скопје</td><td>М.П.<br>РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА</td></tr>
</table>